



ЗАЕДНО,
СМЕ ИМПЕРИАЛ БРЕНДС

IMPERIAL BRANDS





НАШИОТ КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ

Septemvri 2024

ЛИСТА СО СОДРЖИНА

- Нашата цел, визија и однесувања
- Почитувани колеги
- Вовед
- Донесување етички одлуки
- Искажување на мислењето
- Нашите консументи
- Нашите луѓе
- Средствата и угледот на нашата компанија
- Нашиот деловен интегритет
- Животната средина и општеството
- Речник
- Политики и внатрешни ресурси



НАШАТА ЦЕЛ, ВИЗИЈА И ОДНЕСУВАЊА



НАШАТА ЦЕЛ

„Правење пат до поздрава иднина за моменти на релаксација и задоволство.“

НАШАТА ВИЗИЈА

„Да се изгради силен предизвикувачки бизнис напојуван со одговорност, фокус и избор.“

НАШИТЕ ОДНЕСУВАЊА

„Нашите однесувања дефинираат како треба да дејствуваме, да донесуваме одлуки и како да се однесуваме еден со друг.“

НАШИТЕ ОДНЕСУВАЊА



Почнете со **консументот**


- Сè што правиме започнува имајќи го консументот на ум
- Целта нека ви биде да ги разберете консументите
- Бидете остроумни во изборот што го правите – бидете љубопитни, поставувајте прашања, користете факти и податоци, барајте алтернативни ставови за да го тестирате вашето размислување
- Комбинирајте податоци и сознанија, како и вашиот инстинкт и искуство за донесување одлуки
- Испорачајте квалитет во работата што ја работите

Основен начин на размислување

Сè што правиме започнува со консументот – тука сме заради него

Познавањето на нашите консументи е клучот за отклучување на нашиот иден успех

Добрите одлуки се носат со комбинирање на податоци, сознанија и искуство



Соработувајте **со цел**


- Споделете го вашето знаење и искуство со другите
- Слушајте и почитувајте ја стручноста на вашите колеги
- Имајте влијание, не диктирајте
- Верувајте им на другите – не треба да контролирате сè
- Балансирајте ги локалните агенди со потребите на ИМБ (имајте ја предвид поголемата слика)
- Натпреварувајте се надвор, не внатре

Основен начин на размислување

Дел од мојата работа е да им помагам на другите да бидат успешни

Не морам да контролирам сè

Работењето во соработка со другите ќе донесе подобри резултати за сите



Преземете одговорност **со самодоверба**

- Бидете одговорни и барајте одговорност од другите
- Исполнете го она што го ветувате
- Останете недвосмислено фокусирани на договорените приоритети
- Оставете ги работите кои повеќе не се важни
- Предложете конструктивна критика и бидете отворени за истото кон вас
- Не обвинувајте ги другите

Основен начин на размислување

Заложбата си е заложба

Во ред е да се искаже мислењето

Кога ќе ја направам вистинската работа, мојот придонес ќе биде оценет праведно



Бидете автентични, **инклузивни за сите**

- Најдете време да им посакате добредојде на луѓето
- Пофалете и ценете го придонесот на другите
- Грижете се еден за друг – без исклучоци
- Славете ги разликите како силна страна
- Покажете го вашето автентично јас
- Внесете искреност, отвореност и понизност во тешките разговори

Основен начин на размислување

Ме прифаќаат

Ме ценат

Колку сме поразлични, толку посилен ќе биде нашиот бизнис



Изградете ја **нашата иднина**

- Предвидете ги идните можности и предизвици
- Бидете еден чекор понапред, секогаш
- Балансирајте ги долгорочните и краткорочните перформанси
- Работете на подобрување на нештата
- Прифаќајте ги промените и поздравувајте ги иновациите – бидете желни да пробувате нови работи и подготвени да учите од неуспесите

Основен начин на размислување

Верувам во нашиот успех

Важно е да се пробуваат нови работи

Учењето од нашите неуспеси е начинот на кој учиме да бидеме успешни

← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА

ПОЧИТУВАНИ КОЛЕГИ

Нашиот комерцијален успех е поткрепен со одговорен пристап кон бизнисот и фокусирање на индивидуалната одговорност.



Нашиот Кодекс на однесување е нашиот водич за да ја направиме вистинската работа во Империал Брендс.

На практичен начин, Кодексот опишува како сите ние најдобро можеме да ја поддржиме нашата цел - да создадеме пат кон поздрава иднина за сите засегнати страни - и нашата визија да бидеме бизнис кој ќе биде придвижуван од одговорност.

Секој од нас треба да помине време за да се запознае со Кодексот, давајќи ни доверба да преземеме одговорност за тоа како работиме и како се однесуваме.

Внимателно прочитајте го Кодексот. Разговарајте со колегите. Прашајте го вашиот тим лидер или кој било член на лидерскиот тим ако има нешто што не го разбирате.

Со јасно поставување на нашите верувања и очекувања, Кодексот ни помага да донесуваме одлуки со интегритет на конзистентен начин низ нашата глобална организација без оглед на улогата или локацијата.

Пријавете ако забележите или се сомневате во какво било однесување што не е во согласност со Кодексот. Вашата доверливост ќе биде зачувана, а ние имаме нулта толеранција за одмазда.

Постапувањето според највисоките стандарди на однесување е и вистинска работа и начин на кој ќе обезбедиме одржлив раст на долг рок.

Стефан Бомхард
Главен извршен директор

ВОВЕД
ВО КОДЕКСОТ НА ОДНЕСУВАЊЕ

Нашиот Кодекс на однесување ги утврдува стандардите на однесување што ги очекуваме од секој што работи за и со Империал Брендс.

Кодексот обезбедува рамка за да обезбедиме да ги исполниме нашите деловни цели со интегритет.

Кодексот важи за сите во Империал Брендс, вклучувајќи ги директорите, раководството, вработените, привремените работници и нашите подружници во целосна сопственост.

Вие сте одговорни за читање и разбирање на Кодексот и завршување на сите задолжителни обуки за Кодексот и усогласеноста што ви се доделени. Ако имате какви било прашања во врска со очекувањата наведени во Кодексот, разговарајте со вашиот тим лидер, локалниот Правен советник или член на Правниот сектор на групацијата.

Од вас ќе биде побарано да потврдите дека го разбирате Кодексот како дел од редовната обука што се спроведува за Кодексот и темите од Кодексот.



ВОВЕД
ВО КОДЕКСОТ НА ОДНЕСУВАЊЕ

Одговорности на тим лидерите

Ако сте тим лидер, имате дополнителни одговорности кога станува збор за Кодексот:

- **Разберете ги вашите обврски за поддршка и спроведување на Кодексот**
- **Најдете можности за споделување и објаснување на Кодексот**
- **Бидете пример, следејќи го Кодексот и давајќи добар пример за вашиот тим и другите колеги**
- **Погрижете се вашиот тим да ги заврши сите задолжителни обуки поврзани со Кодексот и темите за усогласеност**
- **Охрабрете го вашиот тим да поставува прашања, да искажува загриженост и да зборува ако нешто не изгледа како што треба; и кога тоа ќе го направат, слушајте внимателно и постапувајте соодветно.**

Препознајте ја важната улога што ја играте за да им овозможите на колегите да имаат доверба да побараат помош и да се чувствуваат безбедно да донесуваат тешки одлуки кога тоа е вистинската работа. Ако некогаш ви треба водство или совет, побарајте помош од вашиот локален Правен советник или правниот сектор на групацијата.

Спроведување на Кодексот

Нашиот одговорен пристап кон бизнисот значи спроведување на одговорност за нашите очекувани стандарди на однесување. Поединците вклучени во прекршување на Кодексот ќе бидат предмет на правични дисциплински процедури, според нашата Дисциплинска политика. Прекршувањето на законот може да подлежи и на правни санкции или други казни.

Кликнете овде за внатрешни ресурси



ДОНЕСУВАЊЕ ЕТИЧКИ ОДЛУКИ

Секој од нас одговара за одлуките што ги носиме во својата работа. Понекогаш, законската, етичка одлука е јасна. Другпат, вистинската одлука е потешко да се дефинира. Важно е секогаш да носиме одлуки со кои можеме да се гордееме.

Звучи како да ви треба помош:

Побарајте насоки од вашиот **тим лидер**, **локалниот Правен советник** или **правниот сектор на групацијата**

Кога ќе се соочите со тешка одлука или необично барање, поставете си ги овие прашања:



Не сум сигурен/на...

- **Дали е тоа легално?**
  - ДА → **Дали е во согласност со нашиот Кодекс, политиката на компанијата и нашето однесување?**
    - ДА → **Дали ги разбирам ризикот и последиците?**
      - ДА → **Можам ли да ги оправдам своите постапки пред колега?**
        - ДА → **Што би помислиле другите ако прочитаат за моите постапки на вестите?**
          - ДА → **Ако одговорот на сите овие прашања е Да, тогаш веројатно е во ред да продолжите.**

Ако сè уште имате грижи, разговарајте со вашиот тим лидер или локалниот Правен советник.

Не...

Не продолжувајте:

Ако одговорите со Не на кое било од тие прашања значи дека има добри шанси ова да е неприфатлива одлука или барање. Побарајте насоки од вашиот **тим лидер**, **локалниот Правен советник** или **правниот сектор на групацијата**

ИСКАЖУВАЊЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Имајте храброст да го искажете мислењето ако имате грижи за недолично однесување во Империал Брендс. Ако забележите однесување што ги прекршува очекувањата наведени во Кодексот или ако од вас е побарано да направите нешто што не е во согласност со Кодексот, политиката на компанијата или законот, ве охрабруваме да си го искажете мислењето.

SPEAKING UP

ЗАЕДНО ПРАВИМЕ РАЗЛИКА

Постојат неколку начини да се пријави недолично однесување:

- Разговарајте со вашиот тим лидер или со локалниот деловен партнер за Луѓе и култура (P&C). Може, исто така, да контактирате директно со правниот сектор на групацијата доколку сакате.
- Пријавете ја вашата загриженост доверливо преку нашата безбедна онлајн платформа за Искажување на мислењето. Може да пристапите до системот од вашиот компјутер или мобилен уред со скенирање на QR-кодот на оваа страница или со посета на **https://imperialbrands.whistleblowernetwork.net**.
  Вашиот извештај може да се поднесе анонимно, доколку сакате.
  Во некои земји, може да повикате и локален бесплатен телефонски број за да пријавите загриженост. Пристапете до списокот со телефонски броеви **овде**. Внесете го кодот **25492** кога ќе биде побарано.
- Пријавете ја вашата загриженост писмено на:
  Империал Брендс Plc, Внимание на: Speaking Up, 121 Winterstoke Road, Bristol BS3 2LL UK | speakup@impbrands.com

  Во Северна Америка, пријавете до ITG Brands на:
  ITG Brands Speaking Up, 714 Green Valley Road, Greensboro, NC 27408 | Тел: +1 866 447 6092 https://secure.ethicspoint.com

Како и да одберете да го искажете мислењето, вашиот извештај ќе биде разгледан и, доколку е потребно, ќе се истражи.



Кликнете овде за внатрешни ресурси

ИСКАЖУВАЊЕ НА МИСЛЕЊЕТО



SPEAKING UP

ЗАЕДНО ПРАВИМЕ РАЗЛИКА

Ние ќе ја заштитиме доверливоста на секој што ќе го искаже мислењето и нема да толерираме каква било форма на одмазда или дискриминација против некој што покренува загриженост или учествува во истрага. Одмаздничкото однесување може да резултира со дисциплински мерки, па дури и да вклучува отказ.

Нашиот канал за Искажување на мислењето е достапен за вработените и привремените работници на Imperial, како и за добавувачите и надворешните деловни партнери и заедниците во кои работиме. Охрабрени сте да го промовирате нашиот канал за Искажување на мислењето на секој што работи со или во име на Империал Брендс.

Поднесување поплака

Со поплаките на вработените, како што се оние поврзани со вашиот напредок во работата, условите за вработување или несогласувањата со колегите, се постапува поинаку отколку со прекршувањата на Кодексот.

За да одговорите на поплаката, треба да се стремите да ги решите прашањата неформално во прв степен со тоа што ќе разговарате со вашиот тим лидер. Ако чувствувате дека не можете да го направите тоа, разговарајте со менаџер или со вашиот локален деловен партнер за Луѓе и култура (P&C).

Ако вашата поплака не може да се реши неформално, може да покренете случај формално во согласност со вашата локална процедура за поплаки. Разговарајте со вашиот деловен партнер за Луѓе и култура (P&C) за повеќе информации.

Империал Брендс нема да толерира каква било форма на одмазда или дискриминација против некој што пријавил поплака.

Видете, исто така: Политика за Искажување на мислењето

Кликнете овде за внатрешни ресурси

НАШИТЕ КОНСУМЕНТИ

Наша работа е да ги разбереме возрасните консументи, комбинирајќи ги податоците и увидот заедно со нашето големо искуство.


Ја разбираме загриженоста на општеството за здравствените ризици од пушењето и ја препознаваме нашата улога во помагањето да се намали штетата, вклучително и преку одговорниот развој и маркетинг на производите со потенцијал за намалување на ризиците, како што се електронските цигари (вејп), загреаниот тутун и оралните никотински кесички.

12 Одговорен маркетинг

13 Движечка вредност за квалитет

14 Интегритет во науката






> **Нашата цел е да им служиме на потребите на возрасните кои направиле информиран избор да ги користат нашите производи**

← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА

ОДГОВОРЕН МАРКЕТИНГ

Посветени сме на одговорен маркетинг и рекламирање на нашите производи, усогласеност со законите, кодексите на делување и доброволните договори на земјите во кои работиме. Ги применуваме нашите Принципи за маркетинг на сите рекламни и промотивни активности и бараме од нашите надворешни деловни партнери да го сторат истото.



- **Рекламирајте ги и продавајте ги нашите производи само на возрасни пушачи или возрасни консументи на рекреативни никотински производи**
- **Обезбедете јасни и точни информации за нашите производи и нивните ризици**
- **Внимавајте сите тврдења што ги даваме да се точни и да може да се докажат**
- **Не користете слики или содржини насочени да бидат привлечни за младите**




Кликнете овде за внатрешни ресурси

Принципи за маркетинг


1. Ние **работиме само со возрасни консументи** на тутун и никотински производи
2. Нашиот маркетинг **е искрен и транспарентен**
3. На нашите консументи им ги даваме информациите што им се потребни за да **направат информиран избор**
4. Никогаш **нема да ги охрабруваме луѓето да почнат да пушат** или непушачите да користат рекреативни никотински производи и никогаш нема да ги обесхрабруваме консументите на нашите производи да се откажат од пушењето
5. Ние **се придржуваме до локалните закони, кодексите на делување и доброволните договори** со кои се регулира рекламирањето, промоцијата и продажбата на нашите производи

ДВИЖЕЧКА ВРЕДНОСТ ЗА КВАЛИТЕТ

Ние сме непоколебливи во нашата посветеност да негуваме култура на квалитет и постојано да бараме подобрување на нашите деловни стандарди, процеси и производи, во согласност со регулаторните барања и очекувањата на консументите. Нашиот систематски пристап кон управувањето со квалитетот е поткрепен со три клучни принципи:
Направете го точно, **Одржувајте го точно** и **Справувајте се со погрешното**.



- **Бидете свесни за сите глобални или локални процедури на компанијата применливи за вашата работа**
- **Слушајте ги и дејствувајте според повратните информации од консументите, користејќи податоци, увиди и вашето искуство за донесување одлуки**
- **Не пропуштајте да дејствувате по кое било прашање за безбедноста или квалитетот на консументите и постојано барајте да се подобруваат нашите процеси, услуги и квалитетот на производите**
- **Испорачајте квалитет во работата што ја работите, секогаш почнувајќи од консументот**





Кликнете овде за внатрешни ресурси




Нашиот успех и углед зависат од нашата способност да испорачаме производи со вистински квалитет кои на возрасните консументи им нудат моменти на релаксација и задоволство



ИНТЕГРИТЕТ ВО НАУКАТА

Посветени сме на одржување на нашите одговорности за управување со производите и здравствените одговорности низ нашата целосна палета на производи, вклучително и проценка на потенцијалот на производите од следната генерација, за да дадеме значаен придонес за јавното здравје. Ова го правиме со спроведување опсежни проценки за безбедноста на нашите производи во текот на нивниот животен циклус и проценување на потенцијалот за намалување на штети од тутунот на производите од следната генерација.



- **Следете ја нашата рамка за научна проценка во повеќе фази и повеќе дисциплини за евалуација на безбедноста на производите и за проценка на потенцијалот за намалување на штети од тутунот на производите од следната генерација**
- **Бидете транспарентни за нашите иновации, наоди од истражувања и методологии кои може да се најдат во делот Архива за истражување на нашата веб-страница овде**
- **Ние работиме само со внимателно избрани партнери за истражување и иновации кои се обврзуваат на постојано високи стандарди на етичка практика и научно однесување**
- **Развиваме производи само за возрасни пушачи и возрасни консументи на рекреативни никотински производи**





Кликнете овде за внатрешни ресурси



Работиме во рамки на утврдените научни стандарди, регулативи и рамки, како и според најдобрите индустриски практики

← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА

НАШИТЕ ЛУЃЕ

Развивањето на вештините и потенцијалот на секој колега од Империал Брендс е од клучно значење за нашите амбиции.

Ги прифаќаме поединците такви какви што се и покажуваме почит кон вредноста која секој човек ја носи во себе без оглед на културата, верувањата или начинот на живот.


16 Промовирање на почит, фер третман, различност, правичност и инклузија

17 Развивање талент

18 Обезбедување безбедно, здраво и поддржувачко работно место

19 Почитување на човековите права





Нашите основни однесувања ја поткрепуваат културата водена од перформанси и инклузивната култура што ја градиме во Империал


← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА

ПРОМОВИРАЊЕ НА ПОЧИТ, ФЕР ТРЕТМАН, РАЗЛИЧНОСТ, ПРАВИЧНОСТ И ИНКЛУЗИЈА



Наша цел е да создадеме навистина разновидна и инклузивна организација позната по славењето на разликите, овозможувајќи им на нашите луѓе да чувствуваат дека припаѓаат и дека можат да бидат свои. Ние ја почитуваме, препознаваме и цениме различноста на нашите консументи и ги одразуваме заедниците во кои работиме.

Нашето работно место е место каде што вработените се третираат со достоинство, правичност и почит. Настојуваме да одговориме на поплаките на вработените доследно, правично и навремено. Нема да толерираме насилство, принуда, заплашување, малтретирање, вознемирување, сексуално вознемирување, дискриминација или какво било друго понижувачко поведение или исклучувачко однесување врз основа на лични карактеристики.



- **Бидете свесни за сопствената несвесна пристрасност. Ова се скриените потсвесни верувања што сите ги имаме и кои влијаат на нашите перцепции за светот**
- **Бидете сочувствителни и одвојте време да барате и разгледувате различни перспективи и начини на размислување**
- **Имајте на ум дека секој вработен има свое индивидуално потекло и искуства – прашајте за нивните преференции наместо да правите претпоставки врз основа на демографските групи на кои припаѓаат**
- **Имајте за цел да ги дизајнирате и имплементирате сите процеси, политики, практики, резултати и комуникациски материјали за да бидат подеднакво достапни и релевантни за сите вработени, без оглед на нивното потекло или лични карактеристики**


> **“Нашето работно место е место каде што вработените се третираат со достоинство, правичност и почит”**

Кликнете овде за внатрешни ресурси Политика за Искажување на мислењето

← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА

РАЗВИВАЊЕ ТАЛЕНТ

Посветени сме на создавање на колаборативна и наградувачка работна средина која инвестира во поддршка на колегите за постојано развивање на нивните вештини и искуство и во реализација на нивниот потенцијал за кариера. Обезбедуваме пристап до програми за помош на вработените, флексибилно работење, политики и капацитети погодни за семејството, како и услуги за професионална здравствена заштита, онаму каде што е потребно.



- **Погрижете се да одвоите време за личен развој. Споделете знаење и искуство со другите и учете од нив за возврат**
- **Не фокусирајте се на краткорочните комерцијални перформанси на сметка на интегритетот или одржливиот раст**
- **Не дозволувајте контролниот начин на размислување да влијае на начинот на кој се поврзувате и соработувате со колегите**
- **Не кријте ги грешките или недостатоците и не отфрлајте ја одговорноста кога работите ќе тргнат наопаку**





Кликнете овде за внатрешни ресурси

← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА




Искористувањето на перформансите и потенцијалот на секој колега ќе нè поддржи во остварувањето на нашите стратешки цели



ОБЕЗБЕДУВАЊЕ БЕЗБЕДНО, ЗДРАВО И ПОДДРЖУВАЧКО РАБОТНО МЕСТО

Здравјето, безбедноста и благосостојбата на нашите вработени се од најголема важност за нас. Посветени сме на создавање култура на грижа каде благосостојбата и безбедноста се апсолутни приоритети и на постигнување стандарди за здравје, безбедност и благосостојба од светска класа во текот на нашите глобални операции.



- **Идентификувајте ги опасностите и проценете ги ризиците за елиминирање или ефективно контролирање на потенцијалните безбедносни закани**
- **Следете ги правилата за употреба на опрема, возила, машини и лична заштитна опрема**
- **Преземете одговорност за управување со сопственото здравје и благосостојба со усвојување здрави однесувања и информирање на вашиот тим лидер ако верувате дека вашата работа или работна средина претставуваат ризик за вашето здравје или ако имате какви било потреби за дополнителна поддршка (на пр., прилагодувања за попреченост или враќање на работа)**
- **Постојано барајте да ги подобриме нашите практики за здравје, безбедност и благосостојба и охрабрувајте ги колегите да го сторат истото**



> **Здравјето, безбедноста и благосостојбата на нашите вработени се од најголема важност за нас**


Кликнете овде за внатрешни ресурси Политика за човекови права

← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА


ПОЧИТУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Ние ги цениме безбедноста, достоинството и благосостојбата на нашите вработени, нашите надворешни деловни партнери и заедниците во кои работиме.

Ги почитуваме човековите права, вклучително и правото на слобода на здружување и признавање на колективното договарање; елиминација на принудната или задолжителната работа и детска работа; елиминирање на дискриминацијата во однос на вработувањето и професијата; како и правото на безбедна и здрава работна средина во рамките на нашите сопствени фабрики и оние на нашите добавувачи и надворешни деловни партнери. Ние сме водени од Универзалната декларација за човекови права, Водечките принципи на Обединетите нации за бизнис и човекови права и Декларацијата на Меѓународната организација на трудот за основните принципи и права на работа.



- **Не треба да се вработува лице кое е помладо од минималната локална законска работна возраст**
- **Забранет е детски труд, принуден или тргуван труд и секоја современа форма на ропство. Пријавете ако се сомневате или забележите какви било прекршувања на човековите права**
- **Посветени сме да работиме на нула детски труд во нашиот синџир на снабдување. Бараме од нашите добавувачи да се усогласат или да ги надминат меѓународните стандарди за труд и како што е наведено во нашиот Кодекс на однесување на добавувачот**
- **Ние ја разбираме и се придржуваме до нашата Политика за човекови права**





Кликнете овде за внатрешни ресурси Политика за човекови права
Изјава за модерно ропство Кодекс на однесување на добавувачот



> **Ние ги цениме безбедноста, достоинството и благосостојбата на нашите вработени, нашите надворешни деловни партнери и заедниците во кои работиме**

← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА


СРЕДСТВАТА И УГЛЕДОТ НА НАШАТА КОМПАНИЈА

Работењето на нашиот бизнис со грижа и трудољубивост ни овозможува да ги заштитиме средствата и угледот на Империал Брендс и ни обезбедува поодржлива иднина за нашата компанија.



21 Борба против нелегалната трговија
22 Заштита на средствата на компанијата
23 Обезбедување на информациските системи
24 Заштита на личните податоци
25 Управување со доверливите информации
26 Заштита на интелектуалната сопственост
27 Комуникација со инвеститори, аналитичари и медиуми
28 Одговорно користење на социјалните мрежи








> **Работењето на нашиот бизнис со грижа и трудољубивост ни овозможува да ги заштитиме средствата и угледот на Империал Брендс**

← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА

БОРБА ПРОТИВ НЕЛЕГАЛНАТА ТРГОВИЈА


Ние се спротивставуваме на нелегалната трговија во сите форми и соработуваме со властите за да спречиме нелегалните тутунски производи да се најдат на легитимниот пазар. Со јасни докази дека нелегалната трговија го финансира организираниот криминал и тероризмот ширум светот, нејзиното елиминирање продолжува да биде еден од нашите врвни приоритети.



- **Снабдувајте го производот само во количини пропорционални со домашната консументка на определениот пазар и дозволените барања на консументот кој патува**
- **Направете ги клиентите свесни за ставот на Империал Брендс против нелегалната трговија и нивната одговорност да ги следат законот и нашите стандарди**
- **Соработувајте со која било влада или истрага за спроведување на законот за пренасочување на производот**
- **Не изложувајте се на личен ризик или опасност кога собирате или пријавувате сомнителна нелегална трговија**



Кликнете овде за внатрешни ресурси




> **Ние се спротивставуваме на нелегалната трговија во сите форми и соработуваме со властите за да спречиме нелегалните тутунски производи да се најдат на легитимниот пазар**

← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА

ЗАШТИТА НА СРЕДСТВАТА НА КОМПАНИЈАТА

Несоодветната употреба на средствата и ресурсите на компанијата може да има директно влијание врз профитабилноста на нашиот бизнис. Правилната употреба на лаптопи и телефони, опрема (како возила), објекти, информации, интелектуална сопственост и пари од компанијата е задолжителна и се однесува на сите колеги од Империал Брендс.



- **Користете ги имотот и парите на Империал Брендс во најдобар интерес на компанијата**
- **Почитувајте ги политиките на компанијата за користење на информациските системи на компанијата, како што се е-пошта или телефони**
- **Почитувајте ги имотите и ресурсите што ѝ припаѓаат на компанијата и другите субјекти, како што се клиентите и надворешните деловни партнери**
- **Не користете ги ресурсите на компанијата за лична корист**






Несоодветната употреба на средствата и ресурсите на компанијата може да има директно влијание врз профитабилноста на нашиот бизнис

Кликнете овде за внатрешни ресурси

← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА

ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИСКИТЕ СИСТЕМИ

Ги чуваме информациите на компанијата, деловните процеси и системите од злоупотреба, кражба, оштетување или неовластен пристап, промена и обелоденување. Останuваме будни против сајбер заканите во секое време.



- **Веднаш пријавете ги сите сомнителни безбедносни инциденти или прекршувања на податоците во вашата служба**
- **Пријавете ја сета сомнителна е-пошта за фишинг користејќи го копчето „Пријави фишинг“ во Outlook**
- **Користете долги лозинки од најмалку 16 знаци и користете мултифакторска автентикација (MFA) каде што е достапно**
- **Внимавајте кога работите надвор од канцеларијата**






> **Останuваме будни против сајбер заканите во секое време**

Кликнете овде за внатрешни ресурси


← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА

ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Ја почитуваме приватноста на нашите колеги, изведувачи, консументи, клиенти и надворешни деловни партнери. Ние сме посветени на ракување со личните податоци во согласност со важечките закони и прописи за приватност на податоците.



- **Собирајте ги или користете ги личните податоци што ви се потребни само за легитимни цели**
- **Споделувајте ги личните податоци само ако тоа ви е дозволено и со соодветни контроли, особено ако ги споделувате надвор од земјата во која се собрани**
- **Заштитете ги сите лични податоци со кои ракувате и чувајте ги само онолку колку што е потребно за целите за кои се собрани или за исполнување на минималните законски барања**
- **Објаснете им на поединците зошто ни се потребни личните податоци, како ќе се користат и кои се нивните права**






„Ја почитуваме приватноста на нашите колеги, изведувачи, консументи, клиенти и надворешни деловни партнери"

Кликнете овде за внатрешни ресурси Известување за приватност на Империал Брендс


← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА

УПРАВУВАЊЕ СО ДОВЕРЛИВИТЕ ИНФОРМАЦИИ

Ги заштитуваме информациите за консументите, клиентите, компанијата и вработените. Ние внимателно постапуваме со доверливите информации и ги споделуваме само со оние кои треба да ги видат. Ние ги почитуваме доверливите информации на другите, вклучувајќи ги и нашите конкуренти.



- **Споделувајте ги доверливите информации само со оние кои треба да знаат или имаат право да знаат, осигурувајќи се дека ги разбираат сите ограничувања што се применуваат**
- **Добијте ги потребните дозволи, вклучувајќи специјална дозвола, доверливост, необелоденување или договори за обработка на податоци, кога споделувате информации надвор од Империал Брендс**
- **Користете ја соодветната ознака за чувствителност и шифрирање за да ги заштитите доверливите информации. Користете заштита на екранот за приватност и внимавајте да не разговарате за доверливи работи кога работите на јавни места**
- **Не користете лични или услуги за инстант-пораки, услуги за е-пошта, услуги за споделување и складирање датотеки што не ѝ припаѓаат на компанијата за деловните активности на компанијата**



Кликнете овде за внатрешни ресурси




Ние ги почитуваме доверливите информации на другите, вклучувајќи ги и нашите конкуренти




← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА

ЗАШТИТА НА ИНТЕЛЕКТУАЛНАТА СОПСТВЕНОСТ

Нашите права на интелектуална сопственост – како што се трговски марки, права на дизајн, патенти и авторски права – се вредни средства кои ги штитат нашите брендови и иновации и ни обезбедуваат конкурентска предност. Ако нашите средства од интелектуална сопственост се злоупотребуваат, нашите интереси и оние на нашите консументи можат да бидат компромитирани.



- **Заштитете ја нашата интелектуална сопственост и пријавете ги сите производи кои се „копирани“, можно фалсификувани производи или други предмети што може да ги нарушат правата на интелектуална сопственост на Империал Брендс**
- **Кога се занимавате со нашите партнери, погрижете се да ја имате на ум интелектуалната сопственост и осигурајте се дека постојат соодветни договори, како што се договори за необелоденување или договори за развој**
- **Почитувајте ја интелектуалната сопственост на другите, вклучувајќи ги клиентите, конкурентите и надворешните деловни партнери**
- **Не користете имиња, заштитни знаци или други елементи на дизајнот кои консументите би можеле да ги поврзат со други при продавање, маркетинг или промовирање на нашите производи**





Кликнете овде за внатрешни ресурси




Ние соработуваме меѓуфункционално за да се осигураме дека ги штитиме нашите права на интелектуална сопственост и ги почитуваме правата на интелектуална сопственост на другите


← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА

КОМУНИКАЦИЈА СО ИНВЕСТИТОРИ, АНАЛИТИЧАРИ И МЕДИУМИ

Претставуваме јасни, конзистентни пораки во комуникацијата со инвеститорите, аналитичарите и медиумите. Сè што правиме и кажуваме, и сè што надворешните акционери велат за нас, влијае на нашиот углед. Акционерите, аналитичарите, клиентите и многу други зависат од нас за да обезбедиме точни и веродостојни информации за нашите операции, перформанси и финансиски изгледи.



- **Погрижете се само обучени и овластени колеги да разговараат со инвеститорите, аналитичарите и медиумите**
- **Упатете ги сите прашања за медиумите до вашиот локален тим за комуникации или Group Communications**
- **Упатете ги сите прашања за инвеститорите или аналитичарите до тимот за Односи со инвеститори во главната канцеларија**
- **Не претставувајте ја работата надворешно, освен ако не сте обучени и овластени за тоа**





> **Претставуваме јасни, конзистентни пораки во комуникацијата со инвеститорите, аналитичарите и медиумите**




Кликнете овде за внатрешни ресурси

← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА


ОДГОВОРНО КОРИСТЕЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ

Посветени сме на одговорно и транспарентно користење на социјалните мрежи за тоа да ни помогне да споделуваме информации за нашата компанија. Разбирањето и усогласеноста со насоките дадени од компанијата за нашата употреба на социјалните мрежи е одговорност на секој колега од Империал Брендс.



- **Идентификувајте се како вработен ако ја поддржувате нашата компанија или нашите активности**
- **Бидете свесни за законските ограничувања што може да важат за информирањето за нашата работа на социјалните мрежи**
- **Внимавајте на тоа како вашите објави на социјалните мрежи може да бидат перцепирани од другите**
- **Не обелоденувајте доверливи, приватни или сопственички информации за компанијата или нејзините клиенти, добавувачи или колеги на социјалните мрежи**





Усогласеноста со насоките дадени од компанијата за нашата употреба на социјалните мрежи е одговорност на секој колега од Империал Брендс



Кликнете овде за внатрешни ресурси

← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА

НАШИОТ ДЕЛОВЕН ИНТЕГРИТЕТ

Постапувањето одговорно и со интегритет им овозможува на Империал Брендс да создаваат и одржуваат успешен бизнис. Ние веруваме во доверба, правичност и чесност, а сè што правиме го одразува тоа. Имаме нулта толеранција за каква било форма на поткуп, корупција или измамничко сметководство.

30 Спречување на мито и корупција

31 Давање и примање подароци и репрезентација

32 Управување со конфликтите на интереси

33 Праведно натпреварување

34 Собирање на податоци за конкуренцијата

35 Забрана за инсајдерско тргување

36 Точно финансиско и нефинансиско известување


37 Усогласеност со царинските и даночните барања

38 Усогласеност со санкциите и трговските ограничувања

39 Перење пари

40 Доверливи односи со добавувачите

41 Ангажирање со владите и политичките тела




Ние преземаме одговорност со доверба и не го компромитираме интегритетот за комерцијална добивка

← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА

СПРЕЧУВАЊЕ НА МИТО И КОРУПЦИЈА

Горди сме на нашиот углед за водење на бизнисот на вистински начин. Усогласеноста со законите за мито и корупција е задолжителна, каде и да работиме, а некои од овие закони може да се спроведуваат преку границите. Прекршувањето на законите за мито и корупција е сериозно кривично дело за компанијата и засегнатите поединци и може да резултира со големи парични казни, па дури и затвор.



- **Никогаш не нудете, плаќајте или примајте поткуп, без оглед на локалниот закон или култура**
- **Никогаш не барајте или дозволувајте некој друг да изврши коруптивна исплата во наше име**
- **Никогаш не нудете или давајте ништо вредно на никого заради обезбедување, задржување или олеснување на бизнисот (како што се плаќања за намалување на даноците или цариниите)**
- **Работете само со консултанти и советници кои ги завршиле проверките за длабинска анализа, се формално одобрени и се договорно обврзани да ги исполнуваат нашите стандарди**





Горди сме на нашиот углед за водење на бизнисот на вистински начин


Кликнете овде за внатрешни ресурси

← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА

ДАВАЊЕ И ПРИМАЊЕ ПОДАРОЦИ И РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА



Наша цел е да воспоставиме силни и доверливи односи со надворешните деловни партнери и да разменуваме подароци и репрезентација за да покажеме учтивост и да изградиме добра волја. Меѓутоа, несоодветната размена на подароци, гостопримството и репрезентацијата може да се смета за поткуп и да го загрози нашиот интегритет.



- **Давајте и примајте само подароци и репрезентација кои се разумни и пропорционални и имаат оправдана деловна цел**
- **Не нудете ниту прифаќајте подароци или репрезентација наменети за или кои може да се сметаат како обид за несоодветно влијание врз деловните одлуки или стекнување предност**
- **Не нудете подароци или репрезентација на јавни или владини функционери освен ако не е законски и претходно одобрено**
- **Не нудете ниту прифаќајте готовина или парични еквиваленти како подарок**

Секогаш неприфатливо:


- Готовина или паричен еквивалент
- Сè што е незаконски што е спротивно на политиката на компанијата или што може да му наштети на угледот на нашата компанија
- Подароци без оправдана деловна цел

Обично прифатливо:

- Оброци со надворешните деловни партнери, клиенти или добавувачи
- Покани за спортски, театарски или културни настани, под услов да има оправдана деловна цел
- Промотивни артикли со номинална вредност

Запомнете дека сите подароци и репрезентација со вредност **над 100 GBP**, или над границата на локалниот пазар, мора да бидат регистрирани.

„Ние не нудиме ниту прифаќаме подароци или репрезентација доколку тоа може да доведе до или да остави впечаток на поткуп"






Кликнете овде за внатрешни ресурси

← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА

УПРАВУВАЊЕ СО КОНФЛИКТИТЕ НА ИНТЕРЕСИ

Конфликтите на интереси може да бидат лични или поврзани со работата и може да влијаат на нашата способност да донесуваме одлуки праведно и во интерес на Империал Брендс. Ние сме посветени на активно управување со конфликтите за да се осигураме дека тие нема да го загрозат нашиот интегритет.



- **Дејствувајте со интегритет и транспарентност и избегнувајте ситуации кога личните односи или финансиските интереси се во конфликт со интересите на Империал Брендс**
- **Објавете ги сите реални, потенцијални или согледани конфликти на интереси веднаш штом ќе бидат познати**
- **Соработувајте и управувајте со конфликтите транспарентно и во интерес на Империал Брендс**
- **Не злоупотребувајте ја својата положба за лична корист или за корист на некој со кој имате личен однос**






> **Ние сме посветени на активно управување со конфликтите за да се осигураме дека тие нема да го загрозат нашиот интегритет**

Кликнете овде за внатрешни ресурси

← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА

ПРАВЕДНО НАТПРЕВАРУВАЊЕ

Империал Брендс се посветени на праведно, законско и чесно натпреварување. Ние ги почитуваме сите антимонополски закони и закони за конкуренција кои се однесуваат на нашиот бизнис.




- **Осигурајте се дека ги разбирате и ги почитувате законите за конкуренција што се применуваат на вашиот пазар, нашите политики и сите други релевантни материјали за обука или насоки за конкуренција**
- **Не склучувајте договори против конкуренцијата (на пр., местење цени, местење понуди, споделување на пазарот). Секогаш работете и натпреварувајте се независно од нашите конкуренти**
- **Не разговарајте за комерцијално чувствителни теми со конкурентите како што се цените, условите за трговија или лансирањето на нови производи**
- **Ако примите комерцијално чувствителни информации, одговорете така што ќе изјавите дека не сте ги побарале, не прифаќајте ги и испраќачот не треба да испраќа ништо повеќе. Ако продолжите да добивате такви информации за време на состанок, напуштете го состанокот и веднаш пријавете го инцидентот кај вашиот локален Правен советник или правниот сектор на групацијата**

Што претставува комерцијално чувствителна информација (CSI)?

Комерцијално чувствителна информација (CSI) е секоја информација што не е од јавен карактер, а служи за комерцијалната политика на бизнисот, и што може да влијае на однесувањето на конкурентот. Ова вклучува (но не е ограничено на) информации во врска со комерцијалната стратегија на бизнисот, идните цени, трговските тајни, интелектуалната сопственост и евиденцијата на клиентите и добавувачите. Ако имате какви било сомнежи за тоа што претставува CSI, разговарајте со вашиот локален Правен советник или правниот сектор на групацијата.



Кликнете овде за внатрешни ресурси






> **Ние ги почитуваме сите антимонополски закони и закони за конкуренција кои се однесуваат на нашиот бизнис**

← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА

СОБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ЗА КОНКУРЕНЦИЈАТА

Ја следиме нашата конкурентна средина и ги анализираме трендовите за развој на нашиот бизнис за да можеме да ги исполниме барањата на нашите клиенти.



- **Почитувајте ги сите релевантни закони за конкуренција при собирање, примање или размена на информации**
- **Никогаш не разменувајте, писмено или усно, формално или неформално, комерцијално чувствителни информации или податоци со конкурентите (вклучително и преку посредници или трети страни)**
- **Добијте одобрение од локалниот Правен советник, надворешните правни советници или правниот сектор на групацијата пред да собирате или примате какви било нови извори на податоци за трендовите на пазарот или активноста на конкурентите (вклучително и преку трети страни)**
- **Осигурајте се дека сите извештаи од индустријата или анкетите за бенчмаркинг за кои даваме податоци (како што се податоци за цените/обемот) се соодветно собрани, историски и не се ориентирани кон иднината**

Кои се прифатливи извори на податоци за конкуренцијата?

- Медиумите
- Јавно достапните извори на интернет, вклучително и веб-страниците на компаниите
- Угледните истражувања во индустријата
- Годишните извештаи
- Јавните говори на директорите на компанијата
- Јавно достапните поднесоци кај владините агенции



Кликнете овде за внатрешни ресурси




> **Ја следиме нашата конкурентна средина и ги анализираме трендовите за развој на нашиот бизнис**




ЗАБРАНА ЗА ИНСАЈДЕРСКО ТРГУВАЊЕ

Посветени сме на тоа дискретно да постапуваме со информациите за финансиските перформанси или идните планови на компанијата што не се од јавен карактер. Ако оваа информација може да влијае на цената на нашите акции или на одлуките на инвеститорите, тогаш тоа може да биде „инсајдерска информација“. Незаконски е да се користат инсајдерски информации за да се донесуваат одлуки за купување или продавање хартии од вредност, како што се акциите на компанијата, без разлика дали е во ваша или туѓа корист.



- **Чувајте ги инсајдерските информации доверливи и почитувајте ги строгите правила за објавување информации. Запомнете дека правилата за инсајдерско тргување продолжуваат да важат кога веќе не сте вработен во Империал Брендс**
- **Никогаш не споделувајте инсајдерски информации без претходно одобрение и само кога тоа е потребно во извршувањето на вашата улога**
- **Не тргувајте со хартиите од вредност на Империал Брендс, Логиста или која било друга котирана компанија врз основа на инсајдерските информации**
- **Не ширете лажни или неточни информации за Империал Брендс или други јавно котирани хартии од вредност**






“Одредени вработени ќе имаат поголем пристап до потенцијалните инсајдерски информации и се сметаат за „инсајдери на компанијата“

Кликнете овде за внатрешни ресурси

← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА

ТОЧНО ФИНАНСИСКО И НЕФИНАНСИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ

За нашите активности известуваме искрено и точно и активно промовираме култура која не толерира измами. Одржувањето целосна и точна финансиска и нефинансиска евиденција ни помага да донесеме подобри деловни одлуки, да изградиме доверба со надворешните акционери и да ги поддржуваме нашите амбиции за одржлив, долгорочен успех. Фалсификувањето записи или сметки или погрешното претставување на фактите е измама и може да има сериозни последици за нашиот бизнис и за вклучените поединци.



- **Бидете искрени и точни во извештаите, обелоденувањата, прогнозите и анализите**
- **Никогаш не подготвувајте ниту поднесувајте лажни или погрешни информации, ниту погрешно прикажувајте ја целта на која било трансакција**
- **Почитувајте ги сите закони, надворешни сметководствени барања и процедури на компанијата за пријавување на финансиски и нефинансиски информации**
- **Покажете каква било загриженост за точноста или комплетноста на финансиските или нефинансиските извештаи**





За нашите активности известуваме искрено и точно и активно промовираме култура која не толерира измами




Кликнете овде за внатрешни ресурси


← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА

УСОГЛАСЕНОСТ СО ЦАРИНСКИТЕ И ДАНОЧНИТЕ БАРАЊА

Империал Брендс ги почитува сите национални и меѓународни закони за корпоративно оданочување и оданочување на тутунот. Ние сме точни и транспарентни во нашите обелоденувања и сертификати и конструктивно се ангажираме со царинските и даночните власти ширум светот за да помогнеме во борбата против нелегалната трговија со нашите производи. Имаме воспоставено политики за да го избегнеме олеснувањето на даночното затајување, без разлика дали е извршено од вработен, оние што ги застапуваат или дејствуваат во име на Империал Брендс или други даночни обврзници со кои работиме.



- **Почитувајте ги сите национални и меѓународни закони за царинско, корпоративно оданочување и оданочување на тутунот**
- **Пријавете ги сите разлики во примените производи, или неточностите во Track and Trace документацијата, до релевантниот царински орган**
- **Никогаш не носете примероци од производите кога патувате за деловни цели**
- **Осигурајте се дека агентите, посредниците и даночните советници кои дејствуваат во име на Империал Брендс се предмет на соодветни процедури за проверка и склучување договори**





> **Ние сме точни и транспарентни во нашите обелоденувања и сертификати и конструктивно се ангажираме со царинските и даночните власти ширум светот**




Кликнете овде за внатрешни ресурси Групна даночна стратегија

← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА

УСОГЛАСЕНОСТ СО САНКЦИИТЕ И ТРГОВСКИТЕ ОГРАНИЧУВАЊА


Посветени сме на почитување на меѓународните санкции и трговските ограничувања на глобално ниво. Одржуваме процедури за да помогнеме да се осигураме дека не влегуваме во деловни, трговски, финансиски или други комерцијални трансакции со трета страна, компанија или поединец што подлежи на важечки санкции.



- **Разберете ги санкциите и трговските ограничувања релевантни за вашата улога и одговорности и побарајте насоки од вашиот локален Правен советник или правниот сектор на групацијата ако ви треба помош**
- **Работете само со одобрени трети страни (поединци и компании) кои биле предмет на нашата процедура за длабинска анализа**
- **Не прифаќајте ниту игнорирајте какво било сомневање дека се прекршуваат меѓународните санкции или трговските ограничувања**
- **Проверете дали санкциите или трговските ограничувања важат за трета страна (поединец или компанија) со која водиме бизнис и не склучувајте договори наменети за одбегнување или избегнување на санкциите**



> **Посветени сме на почитување на меѓународните санкции и трговските ограничувања во сите земји каде што работиме**




Кликнете овде за внатрешни ресурси

← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА




ПЕРЕЊЕ ПАРИ

Преземаме чекори за да избегнеме перење пари во нашиот бизнис со ангажирање само на легитимни клиенти и дистрибутери. Перењето пари често се поврзува со организиран криминал и тероризам. Наша одговорност е да обезбедиме таквите ентитети да не ги користат Империал Брендс за перење пари или за прикривање на нивните активности или идентитети.



- **Разберете што е перење пари и како тоа може да влијае на Империал. Пријавете ги сите грижи за кои се сомневате или ги забележувате**
- **Прифаќајте плаќања само од одобрени клиенти, дистрибутери и други бизниси или поединци со кои Империал Брендс вообичаено работи и кои биле предмет на проверки за длабинска анализа**
- **Прифаќајте само плаќања добиени од или испратени на банкарски сметки што се чуваат на име на правното или физичкото лице со кое тргуваме**
- **Немојте намерно или невнимателно да ги игнорирате „црвените знамиња“ кои сугерираат дека може да се случуваат несоодветни финансиски трансакции како што се големи готовински трансакции, офшор трансакции или употреба на анонимни ентитети**





> **Преземаме чекори за да избегнеме перење пари во нашиот бизнис со ангажирање само на легитимни клиенти и дистрибутери**




Кликнете овде за внатрешни ресурси

← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА

ДОВЕРЛИВИ ОДНОСИ СО ДОБАВУВАЧИТЕ

За да бидеме успешни, се потпираме на доверливи и сигурни односи со добавувачите и нашата способност да ја максимизираме вредноста и да ги ублажиме ризиците кога работиме со нив. Ги спроведуваме нашите набавки на фер, транспарентен и професионален начин и се трудиме да избереме и да работиме со добавувачи кои се однесуваат етички и одговорно.



- **Следете ги воспоставените процеси на набавки, вклучително и извршување на потребната длабинска анализа**
- **Не преземајте писмени или усни обврски кон добавувачите освен ако немате овластување да го сторите тоа**
- **Осигурајте се дека добавувачите го имаат добиено нашиот Кодекс на однесување кој ги опишува нашите очекувања за етичко и одговорно однесување**
- **Не прифаќајте ги ниту игнорирајте ги активностите на добавувачите кои може да ги прекршуваат Кодексот или нашите стандарди. Пријавете ги сите грижи до тимот за набавки или преку каналот за Искажување на мислењето**





> **За да бидеме успешни, се потпираме на доверливи и сигурни односи со добавувачите**




Кликнете овде за внатрешни ресурси
Кодекс на однесување на добавувачот

← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА

АНГАЖИРАЊЕ СО ВЛАДИТЕ И ПОЛИТИЧКИТЕ ТЕЛА

Ние се ангажираме со владите, политичките партии и кандидатите на ист начин како што се ангажираме со многу други надворешни акционери: отворено, етички и единствено за да го поддржиме остварувањето на нашите легитимни деловни цели. Несоодветното однесување кое вклучува влади или јавни службеници може да носи значителни репутациски и правни ризици за Империал Брендс.

Во некои околности, нашиот ангажман може да вклучува политички придонеси. Секој таков придонес мора да подлежи на највисоки нивоа на транспарентност и отчетност и да биде одобрен во согласност со насоките на компанијата.




- **Осигурајте се дека владините интеракции се спроведуваат само од или со обучени колеги или политички консултанти кои се официјално одобрени однапред**
- **Следете ги насоките и политиките на компанијата кога комуницирате со политичките партии и со политичките кандидати**
- **Не плаќајте за пристап или влијание кај регулаторите или групите од посебен интерес**
- **Добијте правен инпут пред секој заеднички ангажман во индустријата со владите или регулаторите**

Кликнете овде за внатрешни ресурси



> **Несоодветното однесување кое вклучува влади или јавни службеници може да носи значителни репутациски и правни ризици за Империал Брендс**



ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ОПШТЕСТВОТО

Работиме на начин кој ја почитува животната средина и правата на заедниците во кои работиме. Посветени сме на минимизирање на нашето влијание врз животната средина и се стремиме да дадеме позитивен придонес во општеството со поддршка на егзистенцијата на луѓето кои се занимаваат со нашиот бизнис.

43 Заштита на природната животна средина

44 Придонес во добротворни цели и волонтирање




> **Посветени сме на минимизирање на нашето влијание врз животната средина и се стремиме да дадеме позитивен придонес во општеството**

← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА

ЗАШТИТА НА ПРИРОДНАТА ЖИВОТНА СРЕДИНА



Заштитата на природната животна средина е клучна за одржливоста на нашата планета и благосостојбата на идните генерации. Се обврзуваме да го минимизираме нашето влијание врз животната средина со одговорно користење на ресурсите, намалување на загадувањето и отпадот и зачувување на биолошката разновидност. Дополнително, во согласност со нашата амбиција да бидеме нето нула до 2040 година, ние исто така ќе ги намалиме емисиите на јаглерод и ќе промовираме обновлива енергија. Одговорното управување вклучува едукација и поттикнување на луѓето да го направат вистинскиот избор, застапувајќи се за култура на грижа за нашата околина.



- **Минимизирајте ја консументката на енергија преку зачувување и енергетска ефикасност и промовирајте обновлива енергија со што се намалуваат емисиите на јаглерод**
- **Изворно намалете го отпадот и прифатете рециклирање**
- **Во области со недостаток на вода, одговорно користете ја водата**
- **Заштитете ја природната животна средина и промовирајте биолошка разновидност**



> **Ја препознаваме важноста од зачувување на нашата планета за идните генерации и се стремиме да бидеме одговорен партнер**

Кликнете овде за внатрешни ресурси Групна политика за животна средина
Стратегија за луѓето и планетата Резиме на перформансите на ESG


← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА

ПРИДОНЕС ВО ДОБРОТВОРНИ ЦЕЛИ И ВОЛОНТИРАЊЕ



Посветени сме да даваме позитивен придонес за заедниците во кои работиме. Тоа е добро за ангажманот на вработените, деловните односи и угледот на нашата компанија и е важен дел од нашата поширока улога во општеството. Нашите добротворни активности се усогласени со **Стратегијата за луѓето и планетата** на нашата компанија.

Овозможувањето на вработените да ги поддржуваат своите заедници како дел од нивната работа може да помогне во благосостојбата преку збогатување на искуствата, давање нешто за возврат и имање поширока свест за околностите на другите.



- **Фокусирајте ја поддршката на заедницата на проекти усогласени со нашата Стратегија за луѓето и планетата и целите за одржлив развој на ОН, насочени кон подобрување на животот на луѓето**
- **Давајте корпоративни донации само за легитимни, формално регистрирани добротворни организации**
- **Никогаш не користете добротворни придонеси или инвестиции во заедницата за да ги промовирате производите или брендовите на Империал Брендс**
- **Избегнувајте придонеси поврзани со децата, болести поврзани со пушењето, уметноста и спортот. Прифатливи се активностите насочени кон спречување на детскиот труд. Видете ги локалните насоки**

Кликнете овде за внатрешни ресурси Стратегија за луѓето и планетата

Нашата програма за партнерство со производители на тутун

Нашата програма за партнерство со производители на тутун ја поддржува нашата амбиција за егзистенција и благосостојба на земјоделците и финансира проекти поврзани со финансиската одржливост, одржливото земјоделство и пристапот до основните потреби како што се образованието и чистата вода за пиење. Активностите преземени преку оваа програма се исклучени од овие насоки.



РЕЧНИК





Вознемирување

Секоја форма на несакано вербално, невербално или физичко однесување кое го нарушува достоинството на друго лице и/или создава застрашувачка, непријателска, деградирачка, понижувачка или навредлива работна средина.

Даночно затајување или олеснување на даночното затајување

Секое дејствие на компанијата или кое било поврзано лице за намерно измамување на јавниот приход или лажно избегнување на плаќање данок.

Деловен партнер за Луѓе и култура (P&C)

Колега од Империал кој соработува со тим во бизнисот.

Дискриминација

Примена на помалку поволен третман кон кој било поединец врз основа на пол, боја на кожа, раса, попреченост или која било друга основа што не е поврзан со нивните перформанси или способност да ги извршуваат своите одговорности.

Длабинска анализа

Процес кој вклучува проверки на ризици и усогласеност или ревизии за да се потврдат фактите и информациите за третата страна.

Доверливи информации

Доверливите информации може да вклучуваат развој на производи и процеси, продажба, маркетинг и финансиски податоци, деловни планови, промени на повисокото раководство и информации за преземања и спојувања. Личните податоци исто така се сметаат за доверливи.

Закони за конкуренција

Закони дизајнирани да поттикнат слободен пазар и да ги заштитат консументите и бизнисите преку регулирање на зделките помеѓу конкурентите, клиентите, дистрибутерите и другите трети страни, како и однесувањето во средини каде што Империал Брендс има значителна пазарна моќ.



РЕЧНИК



Измама

Намерна измама за нечесно да се оствари лична добивка, добивка за Групацијата или добивка во корист на друго лице или компанија на сметка на Групацијата. Може да вклучува лажно претставување на финансиски или нефинансиски информации, необелоденување информации или злоупотреба на средства, меѓу другите кривични дела.

Инсајдерско тргување

Користење на информации за финансиските перформанси или идните планови на компанијата што не се од јавен карактер за донесување одлуки за купување или продавање хартии од вредност како што се акциите на компанијата.

Интелектуална сопственост

Правно заштитени средства како што се трговски марки, права на дизајн, патенти и авторски права кои ги спречуваат другите да профитираат од нашите брендови и иновации.

Јавен службеник

Некој кој има законодавна, административна или судска функција од каков било вид, без разлика дали е назначен или избран во организација од јавна сопственост.

Конфликти на интереси

Ситуација во која приватните или личните интереси на поединецот имаат потенцијал да влијаат на начинот на кој тие ги извршуваат своите професионални должности. Конфликтот на интереси може да биде од финансиска или нефинансиска природа.

Корупција

Нечесно и измамничко однесување од страна на оние на позиции на моќ, што често вклучува злоупотреба на јавна или приватна функција за лична корист.



Лични податоци

Информации кои се однесуваат на лице, како што се име, податоци за контакт, работно место, локација или датум на раѓање.

Модерно ропство

Регрутирање, движење, засолнување или примање на поединец преку употреба на сила, принуда, злоупотреба на ранливост, измама или други средства заради експлоатација. Ова опфаќа принудна и/или тргувана работа, детски труд, сексуална експлоатација, принуден брак, должничко ропство.

Надворешни деловни партнери

Поединци или организации вклучени во комерцијални односи со Империал Брендс, како што се клиенти, добавувачи, дистрибутери или агенти.

← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА

РЕЧНИК



нелегална трговија

Неовластена дистрибуција или продажба на производи надвор од нивните наменети географски пазари или канали за дистрибуција. На пример, фалсификувани производи или шверц на стоки.

Одмазда

Неповолен третман или каква било форма на штета, како што е деградирање, намалување на платата или условите за работа или отпуштање, кон друго лице поради пријавување за сомнение за погрешно или недолично однесување.

Перење пари

Извршување трансакции за претворање на нелегално стекнатите средства во навидум легитимни средства.

Плаќања за олеснување

Плаќања направени на владини службеници за да се забрза акцијата што службеникот рутински треба да ја преземе.

Политички придонес

Подарок во различни форми, како што се готовина, услуги или што било друго вредно дадено од поединец или организација за поддршка на одредена политичка партија, политичар или политички кандидат.

Поткуп

Поттик или награда која е понудена, ветена или обезбедена со цел да се добие каква било комерцијална, договорна или лична предност.

Санкции

Мерки наметнати од владите и меѓународните тела за ограничување на зделките со одредени земји, ентитети и/или поединци. Ова може да вклучува економски ограничувања, трговски ограничувања, финансиски санкции и забрани за патување.

Фишинг

Обид за стекнување информации како што се кориснички имиња, лозинки, податоци за конкуренцијата или лични и/или банкарски информации или пристап до системи, преку е-пошта, текстуални пораки, веб-страници или телефонски повици кои често се чини дека се од некој што се смета за доверлив.



← НАЗАД НА СТРАНИЦАТА СО СОДРЖИНА